**Повик за поднесување предлог-проекти за организирање на европската иницијатива за промовирање на читањето: „Ден на европски автори“**

По првите две успешни изданија на иницијативата „Ден на европски автори“ во 2023 и во 2024 година, Европската комисија објави повик за избор на еден проект наменет за развој и организирање на идните изданија на „Денот на европски автори“, во 2025, 2026 и 2027 година.

Со повикот, кој е наменет за организации од книжевниот сектор, ќе се избере **само еден проект** од **еден конзорциум составен од најмалку две самостојни организации од две различни земји учеснички во Креативна Европа.** Подносителот на апликацијата, односно координаторот, мора да е регистриран и активен најмалку две години пред истекот на крајниот рок за поднесување на апликацијата.

Вкупниот буџет наменет за кофинансирање на избраниот проект од овој повик изнесува 1 500 000 евра, со кои Европската Унија покрива максимум 80 % од вкупните квалификувани трошоци на проектот (со динамика на исплата предвидена во нацртот на договорот за грант).

Крајниот рок за доставување на апликациите е **10 февруари 2025 година**.

**Цели**

Иницијативата „Ден на европски автори“ има цел да го постигне следново:

- **Промовирање на различноста на европската литература**, поттикнување на читањето и негување на љубовта кон читањето кај младите генерации во земјите учеснички во Креативна Европа.
- **Зацврстување на соработката** меѓу образовниот сектор (особено основните и средните училишта и наставниците), книжевниот сектор (автори, преведувачи, издавачи, библиотеки и книжарници) и организациите за промовирање на читањето на локално, на национално и на европско ниво.
- Развивање и спроведување конкретен механизам за олеснување и финансиска поддршка на **средби и размена** меѓу автори и млади луѓе и/или родители во училиштата, библиотеките, книжарниците и на други места.

**Приоритети**

Проектите треба да предложат концепт кој комбинира **еднодневно одбележување** на Денот на европски автори и **едногодишен механизам** за остварување на следниве приоритети:

- *Приоритет 1*:

**Еднодневен настан/прослава низ цела Европа за промовирање на различноста на европската литература и на читањето,** вклучувајќи силна комуникациска кампања низ земјите од Креативна

Европа до училиштата, библиотеките, книжарниците и до другите културни места за да ги поттикне да организираат активности за читање на доброволна основа.

- *Приоритет 2*:

**Европски пилот-механизам „*автор во училиште*“** за олеснување и кофинансирање средби и размена меѓу европски автори (или преведувачи), млади луѓе и/или семејства во текот на учебната година. Механизмот може да вклучи автори кои посетуваат училишта, но и библиотеки, книжарници или други јавно достапни места. На овие средби може да присуствуваат не само учениците туку и нивните семејства.

- *Приоритет 3*:

**Градење капацитети** – проектот треба да послужи како платформа за размена на добри практики и заемно учење за промовирање на читањето и на европската литература на европско ниво. Тоа треба да го зацврсти вмрежувањето меѓу организациите за промовирање на читањето во Европа, но, исто така, да помогне и да ја стимулира соработката меѓу секторите за промовирање на книгата, образованието и читањето во матичните земји, како и низ земјите од Креативна Европа.

**Начин на подготовка и поднесување на предлог-проектот/апликацијата**

- Повикот и анексите може да ги најдете на следниов линк:
  Call for proposals for the organisation of a European reading promotion initiative: the Day of European Authors | Culture and Creativity

- Предлог-проектот се подготвува во согласност со условите и критериумите наведени во документот за повикот кој може да го преземете на следниов линк:
  Call Document EAC-S15-2024 Day of European authors.pdf

- Апликациите се обработуваат и се поднесуваат електронски преку **Funding &Tenders Opportunity Portal (F&TP)**. Информации за пристапување до F&TP може да најдете на следниов линк:
  https://www.eacea.ec.europa.eu/grants/how-get-grant_en